# БАРАЊЕ И ИЗЈАВА ЗА ОТВОРАЊЕ ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име и презиме на Корисник:** | | | |
| **ЕМБГ:** | | **Број на Л.К.** | |
| **Датум на раѓање:** | | **Место на раѓање:** | |
| **Број на пасош (нерезиденти):** | | **Важност на пасош:** | |
| **Адреса од лична карта/пасош:** | | | |
| **Телефон:** | | **Мобилен телефон:** | |
| **E-mail** | | | |

Јас (преку застапник ембг ) долупотпишаниот своерачно, под морална, материјална и кривична одговорност ја потврдувам точноста на податоците дадени во ова барање.

Изјавувам дека сум запознаен(а) со Општи услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица, Законската регулатива за третманот на резидент / нерезидент и Тарифата на надоместоците на услугите и истите ги прифаќам во целост.

Со оваа писмена изјава, под полна морална и материјална одговорност потврдувам дека немам отворено платежна сметка во денари кај истиот или друг давател на платежни услуги во Република Северна Македонија согласно одредбите од член 72 од Законот за платежни услуги платни системи.

Место и датум

Депониран потпис на Корисник

---

(пополнува Банката)

| | |
|---|---|
| **Примено во експозитура:** | |
| **Примило овластено лице во експозитура:**<br>**(име, презиме и потпис)** | |

**Прилог 1**

**FATCA Прашалник за корисник- физички лица**

Име и презиме на Корисник: ________________________

Ве молиме за секое прашање заокружете еден од понудените одговори:

| **1/ Дали корисникот поседува U.S. индиција?** | **ДА** | **НЕ** |
|---|---|---|

U.S. индиции: (обележете ја индицијата која ја поседува физичкото лице)

- ☐ државјанство од Соединетите Американски Држави (САД)
- ☐ двојно државјанство од кои едното е во САД
- ☐ дозвола за престој во САД т.н.зелена карта (green card)
- ☐ место на раѓање во САД, Порто Рико, Гуам и Девствени острови САД
- ☐ адреса на живеење во САД
- ☐ адреса за контакт во САД
- ☐ телефонски број од САД

| **2/ Дали некое од овластените лица/законските застапници/полномошници на сметката на корисникот поседува барем една U.S. индиција?** | **ДА** | **НЕ** |
|---|---|---|

U.S. индиции: (обележете ја индицијата која ја поседува физичкото лице)

- ☐ државјанство од Соединетите Американски Држави (САД)
- ☐ двојно државјанство од кои едното е во САД
- ☐ дозвола за престој во САД т.н. зелена карта (green card)
- ☐ место на раѓање во САД, Порто Рико, Гуам и Девствени острови САД
- ☐ адреса на живеење во САД
- ☐ адреса за контакт во САД
- ☐ телефонски број од САД

**Корисникот е известен дека:** податоците обработени во овој прашалник, се прибираат единствено за целите на спроведување на FATCA регулативата, односно за утврдување на потенцијални U.S. индиции. Доколку вакви индиции не постојат, податоците собрани со овој прашалник се чуваат во Банката, како доказ за истото. Во спротивно, Банката со согласност на Корисникот дадена преку *Изјава за собирање, обработка, чување и пренос на лични податоци*: прибира дополнителни лични податоци за Корисникот, кои податоци Банката ги пренесува на Управата за јавни приходи на САД - US Internal Revenue Service.

Потврдува (Корисникот): ________________________
(потпис)

---

**ПОПОЛНУВА БАНКАТА**

Експозитура: _____________________

Примил и ја проверил – Овластено лице на Банката: __________________ Потпис: ________________________

Место и дата: ______________, __.__.____ година

**ДОГОВОР**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ И ДРУГИ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ**

Овој Договор за отворање на платежна сметка со основни функции (во натамошниот текст: „**овој Договор**“) е склучен во ______________ на ден __________ година, од и помеѓу:

**1. НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив:** | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | | | |
| **Седиште:** | ул. Водњанска бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | | | |
| **ЕМБС:** | 4664531 | **ЕДБ:** | 4030993191133 | |
| **Застапник по закон:** | **Име и презиме:** | | **Својство:** | |
| | Бранко Грегановиќ | | Претседател на Управен одбор | |
| **Јавен регистар во кој е запишана Банката** | Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија | | | |
| **Застапувани во овој Договор од овластено лице:** | **Име и презиме:** | | **Работно место:** | |
| | | | | |
| **Контакт e-mail:** | info@nlb.mk | **Контакт тел:** | 02/15-600 | |
| **Орган надлежен за надзор на работењето на Банката:** | Народна Банка на Република Северна Македонија | | | |

(во натамошниот текст: „**Банката**“)

**2. КОРИСНИКОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име и презиме:** | | | |
| **Дата на раѓање:** | | **Место на раѓање:** | |
| **Адреса на живеење:** | , | | |
| **ЕМБГ:** | | | |
| **Бр. на л.к. / пасош:** | | | |
| **Контакт e-mail:** | | **Контакт тел:** | |
| **Податоци за законски застапник на Корисникот (доколку е применливо):** | | | |
| **Име и презиме:** | | | |
| **Адреса:** | | | |
| **ЕМБГ:** | | | |
| **Контакт e-mail:** | | **Контакт тел:** | |

(во натамошниот текст: „**Корисникот**“)

(Банката и Корисникот заедно ќе се нарекуваат „**Страни**“, а поединечно „**Страна**“)

## I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**1. Предмет**

1.1. Овој Договор ги уредува условите, правата и обврските на Банката и Корисникот за идните извршувања на поединечни и последователни платежни трансакции во однос на следните услуги:

1.1.1. отворање, одржување и затворање на платежна сметка со основни функции во корист на Корисникот;

1.1.2. издавање на дебитна платежна картичка поврзана со платежната сметка со основни функции во корист на Корисникот; и

1.1.3. услуги на електронско / мобилно банкарство поврзани со платежната сметка со основни функции на Корисникот.

1.2. Услугите од точка 1.1 на овој Договор ги опфаќаат особено следните услуги:
1.2.1. услуги кои ги овозможуваат сите дејствија потребни за отворање, одржување и затворање на платежната сметка;
1.2.2. услуги кои овозможуваат уплата на парични средства и повлекување готовина од платежната сметка во Република Северна Македонија, независно дали е непосредно на шалтери во работните простории на Банката или преку мрежа на банкомати во текот или надвор од работното време на Банката; и
1.2.3. извршување на следниве платежни трансакции:
1.2.3.1. платежни трансакции со платежна картичка, вклучително и за онлајн плаќање и
1.2.3.2. кредитни трансфери, вклучувајќи и трајни налози, преку банкарските терминали, шалтерите во работните простории на Банката и онлајн користење.
1.3. Платежната сметка со основни функции на Корисникот му овозможува извршување на неограничен број на операции во врска со услугите од точка 1.1 на овој Договор, во работните простории на Банката и/или онлајн, под условите од овој Договор.
1.3.1Корисникот е запознаен дека користењето на дополнителни производи и услуги не е задолжително за отворање и користење на платежната сметка со основни функции.
1.4. Корисникот нема право да користи дозволено пречекорување на сметката за платежни услуги со основни функции.
1.5. Право на отворање платежна сметка со основни функции има Корисник на кој му е одобрено законско престојувалиште во Република Северна Македонија или Корисник на кој му е одбиено барање за престој во Република Северна Македонија, меѓутоа неговото напуштање на Република Северна Македонија не е можно поради правни или други практични причини (принцип на невраќање).
1.6. Корисникот под полна морална и материјална одговорност доставува писмена изјава дека нема отворено платежна сметка во денари кај Банката или друг давател на платежни услуги во Република Северна Македонија.
1.7. Составен дел од овој Договор се и:
1.7.1. Барањето од Корисникот до Банката за користење на соодветна платежна услуга поднесено на интерни обрасци на Банката, кое го опфаќа Барањето за отворање на платежна сметка со основни функции од Корисникот, како и Барањето за добивање и користење на дебитна картичка од Корисникот и Пријавата за користење на НЛБ клик-Електронско / мобилно банкарство за физички лица („**Барањето за користење на платежна услуга од Корисникот**“ или „**Барањето**“);
1.7.2. Изјава од Корисникот дадена под полна морална и материјална одговорност дека нема отворено платежна сметка во денари кај Банката или кај друга кај друга банка, штедилница или филијала на странска банка во Република Северна Македонија („**Изјавата**“);
1.7.3. Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги на физички лица на НЛБ Банка АД Скопје („**Општите услови**“);
1.7.4. важечката Одлука за Тарифата на надоместоците на услугите што ги врши НЛБ Банка АД Скопје, во делот кој се однесува за услугите за физички лица кој се предмет на овој Договор;
1.7.5. важечката Одлука за политиката на каматните стапки на НЛБ Банка АД Скопје, во делот кој се однесува на услугите за физички лица кој се предмет на овој Договор;
1.7.6. важечкиот Термински план за вршење на платен промет со странство на НЛБ Банка АД Скопје во делот кој се однесува за физички лица кој се предмет на овој Договор;
1.7.7. важечкиот Термински план за вршење на платен промет во земјата на НЛБ Банка АД Скопје во делот кој се однесува за физички лица кој се предмет на овој Договор: и
1.7.8. Поимникот за платежни услуги и платни системи на НЛБ Банка АД Скопје.

1.8. Овој Договор, заедно со документите наведени во точка 1.7 на овој Договор го сочинуваат Рамковниот договор за отворање на платежна сметка со основни функции и други платежни услуги помеѓу Банката и Корисникот („**Рамковниот договор**“).
1.9. Страните се согласуваат дека Банката го задржува правото да ги измени и/или дополни Општите услови за времето на важење на овој Договор, без да се склучи посебен анекс на овој Договор. Начинот на измена и/или дополнување на Општите услови и известување на Корисникот за тоа, е уредено во Општите услови.

1.10. Со потпишувањето на овој Договор, Корисникот потврдува дека му е предаден еден примерок од Општите услови и другите документи кои го сочинуваат Рамковниот договор, дека е запознаен и во целост ги прифаќа истите и ќе ги почитува условите наведени во овој Договор и неговите составни делови.

1.11. Корисникот потврдува дека пред потпишувањето на овој Договор, на јасен и недвосмислен начин бил информиран и запознаен со содржината на овој Договор преку доставување на примерок на предлог рамковен договор за отварање на платежна сметка со основни функции и дека пред склучувањето на овој Договор бил запознаен и согласен со условите од документите кои го сочинуваат Рамковниот договор.

1.12. Поимите кои не се изречно дефинирани во овој Договор го имаат значењето што им е пропишано во Општите услови и/или Законот за платежни услуги и платни системи и прописите од областа на девизно работење.

## II. ПЛАТЕЖНА СМЕТКА

### 2. Барање и Изјава на Корисникот

2.1. Банката го склучува овој Договор врз основа на Барањето и Изјавата, кои се составен дел на овој Договор.

2.2. Банката се обврзува да му овозможи на Корисникот да ги користи услугите наведени во Барањето согласно одредбите на овој Договор.

2.3. Банката го одбива Барањето, доколку:

2.3.1. Корисникот – потрошувач веќе има отворено платежна сметка во денари кај истиот или друг законски одреден давател на платежни услуги во Република Северна Македонија која му овозможува да ги користи платежните услуги поврзани со платежна сметка со основни функции, согласно Законот за платежни услуги и платни системи;

2.3.2. воспоставувањето деловен однос на Банката со Корисникот – потрошувач кој го поднел барањето е спротивно на прописите со кои се уредува откривањето и спречувањето перење пари и финансирање тероризам;

2.3.3. не изминал период од најмалку 12 месеци од датумот на еднострано раскинување на претходен рамковен договор за платежната сметка со основни функции од страна на Банката или

2.3.4. доколку Корисникот – потрошувач не доставил писмена изјава согласно Законот за платежни услуги и платни системи.

### 3. Отворање на платежна сметка

3.1. Банката се обврзува да му отвори на Корисникот платежна сметка по комплетирање на сите документи, добивање на потребните информации за отворање на платежната сметка и по направена анализа, веднаш, но не подоцна од десет работни дена од прием на Барањето.

3.2. Платежната сметка со основни функции се отвора како денарска платежна сметка, а по барање на клиентот, односно потребите на процесот за извршување на платежните операции, може да функционира и како мултивалутна платежна сметка која гласи во денари и во други валути согласно на Општите услови.

3.3. Платежната сметка станува активна во согласност со Општите услови.

### 4. Обврски на Страните

4.1. Страните се согласуваат Банката да врши плаќања и други услуги во врска со платежната сметка во согласност со Барањето и на начин утврден со важечките прописи, овој Договор и Општите услови.

### 5. Обврски на Банката

5.1. Банката се обврзува:

5.1.1. да ги извршува исправните платни налози од Корисникот во согласност со важечките прописи и Општите услови,

5.1.2. да го информира Корисникот за промените на платежната сметка во согласност со Општите услови и важечките прописи,

5.1.3. да врши други услуги доколку се исполнети условите од Општите услови.

5.2. Банката го задржува правото да одбие извршување на платежна трансакција во согласност со важечките прописи, овој Договор и Општите услови.

**6. Обврски на Корисникот**

6.1. Корисникот како учесник во платежната трансакција се обврзува:

6.1.1. да располага со средствата на платежната сметка во согласност со важечките прописи, овој Договор и Општите услови,

6.1.2. да дава правилни налози за плаќање во согласност со и на начин утврден со важечките прописи, овој Договор и Општите услови, за што е дадена соодветна согласност во согласност со Општите Услови,

6.1.3. писмено да ја извести Банката за статусот и другите промени во согласност со Општите услови,

6.1.4. писмено да ја извести Банката, под условите предвидени во Општите услови, за релевантни факти кои имаат влијание врз нивниот меѓусебен однос (приговори, жалби и сл.).

6.2. Корисникот се обврзува дека ќе постапува во согласност со овој Договор и применливите позитивни законски и подзаконски прописи вклучително и прописите од областа на девизното работење

**7. Располагање со средства на платежната сметка**

7.1. За да располага со средствата на платежната сметка, Корисникот може да овласти едно или повеќе деловно способни лица да работат во согласност со одредбите од Општите услови.

7.2. Корисникот се обврзува дека ќе постапува во согласност со овој Договор и применливите позитивни законски и подзаконски прописи, дека ќе го запознае овластеното лице за работа со платежната сметка со содржината на овој Договор и на документите кои го сочинуваат Рамковниот договор при што се што ќе преземе овластеното лице во име и за сметка на Корисникот, ќе се смета како да е преземено од страна на Корисникот и Корисникот е целосно и неограничено одговорен за доследно почитување на одредбите од овој Договор, применливите законски и подзаконски прописи од страна на овластеното лице.

7.3. Корисникот е должен да ги следи овластувањата за користење што им ги дал на овластените лица за располагање со средствата на платежната сметка и е одговорен пред Банката за секоја штета настаната како резултат на надминување и/или злоупотреба на овластување од страна на овластените лица.

7.4. Со потпишувањето на овој Договор, Корисникот ја овластува Банката да ги коригира грешките кои можат да настанат при извршувањето на обврските од Договорот со задолжување или одобрување на неговата сметка, доколку е применливо. Во случај Банката да го искористи ова овластување, таа е должна да го извести Корисникот за извршената корекција без одложување.

## III. ПЛАТНИ НАЛОЗИ

**8. Извршување на платни налози**

8.1. Корисникот издава платни налози и Банката ги извршува платните налози под услови предвидени во Општите услови и во Законот за платежни услуги и платни системи и применливите подзаконски акти вклучително и прописите од областа на девизното работење.

## IV. ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

**9. Издавање на дебитна платежна картичка**

9.1. Банката му издава дебитна платежна картичка поврзана со платежната сметка на Корисникот утврдена во Барањето.

9.2. Корисникот се обврзува да ја употребува картичката согласно Општите услови и применливите законски прописи.

## V. УСЛУГИ НА ЕЛЕКТРОНСКО / МОБИЛНО БАНКАРСТВО

**10. Услуги на електронско банкарство**

10.1. Банката му ги обезбедува на Корисникот Услугите на електронско / мобилно банкарство утврдени во Барањето.

10.2. Банката ќе ги дава Услугите на електронско / мобилно банкарство на Корисникот, и Корисникот ќе ги користи Услугите на електронско / мобилно банкарство под условите предвидени во Општите услови и применливите прописи.

## VI. НАДОМЕСТОЦИ, КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

**11. Надоместоци, каматни стапки и девизни курсеви**

11.1. За платежните услуги кои Банката му ги обезбедува на Корисникот, Банката пресметува и наплаќа надоместоци, трошоци, провизии и каматни стапки под услови, во рокови и на начин утврден во Тарифникот на Банката и Општите услови на Банката применливи за платежна сметка со основни функции и други платежни услуги.

11.2. По исклучок од точка 11.1 на овој Договор, Банката не пресметува и не наплатува надоместок доколку Корисникот припаѓа на групата на корисници на следниве законски права: 1) законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката; 2) надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување; 3) парична помош од социјална заштита; 4) привремена невработеност; 5) додаток на деца и 6) стипендија, кредит и помош на ученици и студенти. Корисникот е должен да достави до Банката доказ (важечко решение и потврда издадени од овластена институција согласно закон) дека припаѓа на некоја од групите на корисници наведени погоре.

11.3. Сите побарувања кои може да настанат со користење на платежната сметка и платежните услуги од Рамковниот договор, се уредени со овој Договор и со Општите услови.

11.4. Банката на Корисникот на платежната сметка му пресметува и плаќа камата по истекот на месецот или при затворање на платежната сметка според камата стапка која на денот на склучување на овој Договор изнесува ( 0,00%) годишно и истата е променлива согласно Одлука за политиката на каматните стапки на НЛБ Банка АД Скопје.

11.5. Доколу Корисникот ги користи средствата како резултат на премолчено прифаќање на пречекорување на тековното салдо на платежната сметка, Банката ќе пресметува казнена камата која претставува збир од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народна Банка на Република Северна Македонија (референтна каматна стапка), што важи на последниот ден од полугодието што му претходи на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени. Каматната стапка се определува на секое полугодие, односно два пати годишно на 01.01 и 01.07 согласно измената на каматната стапка на благајнички записи која ја објавува НБРСМ, а која е со важност на 30.06 односно 31.12.

11.6. При конверзии на валути, Банката применува девизни курсеви како што е предвидено во Општите услови.

## VII. КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ СТРАНИТЕ НА ДОГОВОРОТ

**12. Начини на комуникација**

12.1. Страните се согласни комуникацијата помеѓу нив да се одвива преку податоците за контакт наведени во овој Договор односно последните познати / ажурирани податоци за контакт на Корисникот кои Банката ги има во својата евиденција, преку сите расположливи канали и согласно Општите услови.

## VIII. ЗАШТИТНИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

**13. Заштитни и корективни мерки и одговорност**

13.1. При користење на платежната сметка, дебитна платежна картичка и Услуги на електронско банкарство, Корисникот се обврзува да ги применува заштитните и корективните мерки предвидени во Општите услови и во применливите прописи.

13.2. Одговорноста за неавторизирани платежни трансакции се утврдува согласно Општите услови и применливите закони.

13.3. Банката го задржува правото да ги блокира платните инструменти поврзани со платежни картички и Услугите на електронско банкарство од овој Договор, заради објективно оправдани причини поврзани со: 1) сигурноста на платниот инструмент; и 2) сомнеж за неавторизирано или измамничко користење на платниот инструмент. Во ваков

случај, Банката, пред блокирањето на платниот инструмент, а доколку тоа не е можно, веднаш по блокирањето на платниот инструмент, ќе го информира Корисникот за блокирањето и за причините за тоа, на начин определен во Општите услови, освен во случај кога информирањето за блокирање на платниот инструмент е спротивно на закон или ако за тоа постојат објективно оправдани сигурносни причини.

## IX. ВАЖЕЊЕ, ИЗМЕНИ И РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

### 14. Време на важење на овој Договор

14.1. Овој Договор е склучен на неопределено време.

14.2. Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете Страни.

14.3. Корисникот може да поднесе барање за трансформирање на платежна сметка отворена кај Банката во платежна сметка со основни функции или обратно, на платежната сметка со основни функции отворена кај Банката во платежна сметка.

14.4. По барањето од точка 14.3 на овој Договор, Банката ќе одлучи во рок од десет дена.

14.5. Доколку Банката го одобри барањето од точка 14.3 на овој Договор, за трансформирањето на платежната сметка Банката нема да наплати надоместок.

### 15. Услови за престанување на важноста на Договорот и платежната сметка

15.1. Затворање на платежната сметка со основни функции може да се изврши од страна на Корисникот или од страна на Банката под условите предвидени во Законот за платежни услуги и платни системи, Општите услови и од овој Договор.

15.2. Дебитната платежна картичка важи, се обновува и може да се откаже од која било од Страните согласно Општите услови.

15.3. Услугите за електронско банкарство може да се укинат согласно Општите услови.

### 16. Измени на овој Договор

16.1. Секоја измена на Рамковниот договор, вклучително и измена на информациите за користење на платежните услуги, Банката ќе му ја предложи на Корисникот најдоцна два месеци пред датумот на примена на измената.

16.2. Банката ќе ги изготви предложените измени во едноставна и сеопфатна форма, со употреба на разбирливи зборови, и ќе му ги достави на Корисникот во писмена форма на последната адреса на Корисникот, или во електронска форма преку профилот на Корисникот на платформата на Банката за електронско / мобилно банкарство или на друг спогодбено утврден начин на доставување или известување.

16.3. Корисникот ги прифаќа или не ги прифаќа предложените измени пред датумот на примена на измените и за прифаќањето или неприфаќањето ја известува Банката.

16.4. Ќе се смета дека Корисникот ги прифатил предложените измени во условите на Рамковниот договор доколку пред датумот на примена на измените не ја извести Банката дека ги одбива истите.

16.5. Во случај Корисникот да не ги прифати предложените измени, Корисникот има право да го раскине овој Договор, на било кој датум пред датумот на примена на измените без да плати трошок или надоместок за раскинувањето на овој Договор, при што овој Договор престанува да важи со датумот на раскинување на договорот од страна на Корисникот.

### 17. Раскинување на овој Договор

17.1. Корисникот и Банката можат да го раскинат овој Договор, односно Рамковниот договор под услови, на начин и во рокови предвидени во Општите услови и во овој Договор.

17.2. Банката го задржува правото еднострано ќе го раскине овој Договор, односно Рамковниот договор доколку:

17.2.1. со платежната сметка со основни функции не е извршена платежна трансакција во непрекинат период од 24 месеци;

17.2.2. Корисникот повеќе нема законско престојувалиште или го загубил основот за законското престојувалиште според кој го имал правото на отворање и користење платежна сметка со основни функции или

17.2.3. Банката утврди дека Корисникот по отворањето на платежната сметка со основни функции отворил кај друга банка, штедилница или филијала на странска банка во Република Северна Македонија платежна сметка во денари која му дозволува да ги врши платежните услуги предмет на овој Договор.

17.3. Во случаите од точка 17.2 од овој Договор, Банката е должна за едностраното раскинување да го извести Корисникот без надоместок, писмено или по електронски пат најмалку два месеца пред раскинувањето на Рамковниот договор да стапи во сила. Известувањето ќе содржи образложение на причините за раскинувањето, освен доколку наведувањето на причините е спротивно на целите на националната безбедност или јавниот интерес, како и поука за правата на Корисникот во поглед на: (1) поднесувањето приговор до Банката согласно важечките правни прописи; (2) поплака до надлежниот орган согласно важечките правни прописи и (3) за вонсудската постапка за решавање на спорови согласно важечките правни прописи, како и релевантните контакт податоци.

17.4. Доколку Банката го искористи своето право за еднострано раскинување согласно точка 17.317.3 од овој Договор, во периодот од два месеца може да договори со Корисникот, статусот на постоечката платежна сметка со основни функции да се промени во платежна сметка, без истата да се затвори.

17.5. Банката го задржува правото еднострано да го раскине овој Договор, односно Рамковниот договор, без отказен рок, доколку:

17.5.1. кај Банката постои сомневање дека Корисникот со намера ја користел платежната сметка со основни функции за незаконски цели; или

17.6. Корисникот доставил неточни информации заради отворање на платежна сметка со основни функции, а врз основа на точните информации би немал право да отвори и користи платежна сметка со основни функции.

17.7. Доколку при еднострано раскинување на Рамковниот договорот согласно со точка 17.2 или точка 17.5 на овој Договор на платежната сметка со основни функции има позитивно салдо на парични средства, износот на позитивното салдо веднаш се пренесува на евиденциска сметка со посебна намена кај Банката. Со ваквиот пренос на паричните средства не престанува правото на сопственост над паричните средства на Корисникот, вклучувајќи ги подоблиците на правото на сопственост и другите права што произлегуваат од сопственоста.

## X. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ, АЖУРИРАЊЕ, ДЕЛОВНА ТАЈНА

### 18. Обработка на личните податоци на Корисникот

18.1. Информации и услови за обработка на личните податоци на Корисникот, како и на неговите законски застапници и неговите Овластени лица за работа со платежна сметка, од страна на Банката и платежните системи во кои учествува Банката за целите на овој Договор се дадени во Општите услови.

18.2. Со потпишување на овој Договор, Корисникот се согласува за обработката на неговите лични податоци од страна на Банката согласно одредбите предвидени во Општите услови како и во Политиката за заштита на приватноста и Принципите и начинот на обработка на личните податоци на Банката објавени на веб страната на НЛБ Банка АД Скопје и потврдува дека за истото се запознаени и согласни и неговите Овластени лица за работа со платежна сметка.

### 19. Обврска на Корисникот за ажурирање на своите податоци

19.1. Корисникот има обврска да ги ажурира своите податоци во случај на промена на начин и во рокови предвидени во Општите услови.

19.2. Корисникот се обврзува за сите промени во адресните и контакт податоците, промени поврзани со работењето со сметката, промена на податоците на неговите законски застапници доколку е применливо, неговите Овластени лица за работа со платежна сметка, и сите други податоци кои Корисникот ги доставил при склучувањето на Рамковниот договор и/или во Барањето за користење на платежна услуга писмено да ја извести Банката веднаш, но не подоцна од 3 (три) дена од денот на настанувањето на промените.

### 20. Банкарска и деловна тајна

20.1. Документите, податоците и/или информациите стекнати при вршењето на платежните услуги поврзани со платежните сметки и/или со платежните трансакции во врска со овој Договор претставуваат банкарска односно деловна тајна согласно закон и Банката е должна да ги чува во тајност и со нив да постапува во согласност со одредбите од Законот за банките, Законот за платежни услуги и платни системи и други закони и прописи кои се применуваат на работењето на Банката.

20.2. Заради заштита на своите интереси, Корисникот е должен како строго доверливи да ги заштити и чува сите податоци поврзани со работењето со неговата платежна сметка во Банката и услугите поврзани со истата што му ги обезбедува Банката. Банката не одговара за било каква штета која може да настане за Корисникот како резултат на непочитувањето на обврските на Корисникот за чување на тајност.

20.3. Корисникот, неговите законски застапници и неговите Овластени лица за работа со платежната сметка, со склучувањето на Договорот, слободно и изречно, ја изјавуваат својата волја и даваат согласност на Банката, да ги користи податоците и информации кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности односно кои претставуваат банкарска тајна и да ги открива истите на трети лица, со цел ажурирање на наплата, како и да ги открива истите на други трети лица во согласност со применливите закони.

20.4. Банката е должна податоците што претставуваат банкарска тајна да ги чува, и може да ги користи исклучиво за целите за кои се добиени и не смее да ги открие на трети лица, освен во случаите дозволени со применливите позитивни прописи.

## *XI.* ПРАВНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИКОТ

### 21. Правна заштита на Корисникот

21.1. Доколку Корисникот смета дека Банката не се придржува до одредбите од дел трети од Законот за платежни услуги и платни системи (кои се однесуваат на барања за информирање за платежни услуги) или до одредбите од дел четврти од Законот за платежни услуги и платни системи (кои се однесуваат на правата и обврските во однос на давањето и користењето на платежни услуги), а кои услуги се во рамките на предметот на овој Договор, Корисникот има право:

21.1.1. да поднесе приговор до Банката; Повеќе информации за оваа постапка се достапни на веб страната на Банката. Банката ќе одговори на приговорот на начин кој е спогодбено утврден за комуникација во рок од 15 работни дена од денот на приемот на приговорот, односно, по исклучок, ако не може тоа да го стори поради оправдани причини надвор од нејзина контрола, најдоцна во рок од 35 работни дена од денот на приемот на приговорот.

21.1.2. Откако ќе поднесе приговор до Банката или други заинтересирани страни, да поднесе поплака до Народна банка на Република Северна Македонија, како орган надлежен за вршење на надзор на Банката, согласно со одредбите за поплака до Народната банка од Законот за платежни услуги и платни системи: или

21.1.3. Да поведе вонсудска постапка за решавање на спорови . Повеќе информации за оваа постапка се достапни на веб страната на Банката. Таква постапка може да се поведе согласно Законот за медијација пред овластени медијатор. Именикот на медијатори е достапен на интернет страницата на Комората на медијатори (https://www.kmrsm.org.mk/medijatori/).

21.2. Поднесувањето поплака до Народна банка на Република Северна Македонија банка, или поднесувањето на барањето за вонсудска постапка за решавање на споровите и исходот на таквата постапка, не го исклучува или ограничува правото на Корисникот да покрене судска постапка против Банката пред надлежен суд.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### 22. Меродавно право и решавање на спорови

22.1. На овој Договор се применуваат исклучиво законите на Република Северна Македонија.

22.2. Страните се согласни дека месно надлежниот суд во Република Северна Македонија ќе има исклучива надлежност за решавање на спор помеѓу Страните кој е во врска со или произлегува од овој Договор.

### 23. Примероци и меродавен јазик

23.1. Во случај кога Корисникот е резидент, овој Договор ќе биде составен на македонски јазик, во 2 (два) истоветни примероци, од кои по 1 (еден) примерок за секоја Страна.

23.2. Во случај кога Корисникот е нерезидент, овој Договор ќе биде составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) истоветни примероци на англиски јазик и 2 (два) истоветни примероци на македонски јазик, и секоја од Страни ќе добие по 1 (еден) примерок на англиски јазик и по 1 (еден) примерок на македонски јазик. Во случај на неусогласеност помеѓу двете верзии на овој Договор, меродавна ќе биде верзијата на македонски јазик.

23.3. Во случај на неусогласеност помеѓу двете верзии на овој Договор, меродавна ќе биде верзијата на македонски јазик.

| За НЛБ Банка | Корисник |
|---|---|
| | |
| Име и презиме: | Име и презиме: |
| Функција: | |